# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

(Службен весник на РСМ, бр. 252 од 16.12.2025 година)

Член 1

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 144/25), во член 8 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, Законот за вработени во јавниот сектор, посебните закони или со колективните договори се применуваат општите прописи за работните односи.”.

Член 2

Во член 35 во ставот (1) зборовите: „членот 3,“ се заменуваат со зборовите: „членот 34“.

Во ставот (2) зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“.

Член 3

Во член 79 во ставот (2) по зборот „прашања“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: „Министерството за финансии” запирката се брише и се додаваат зборовите: „и Министерството за јавна администрација“.

Член 4

Во член 97 во ставот (2) зборовите: „членот 21“ се заменува со зборовите: „членот 22“.

Член 5

Во членот 99 зборовите: „шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „12 месеци“.

Член 6

Во член 100 во ставот (2) зборовите: „во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон” се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 1 јануари 2027 година“.

Член 7

Во членот 102 по зборот „административни“ се додава зборот „службеници“.

Член 8

Членот 104 се менува и гласи:

„Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година, освен одредбите од членот 78 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.“.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.